# Општина Гази Баба

ВЕСНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

ЈУНИ 2010 - БРОЈ 14

# 55 ГОДИНИ



# ДЕТСКА РАДОСТ

## ПРОЛЕТНА АКЦИЈА ЗА ЧИСТЕЊЕ



## НОВА УЧИЛИШНА СПОРТСКА САЛА ВО ОУ КРУМ ТОШЕВ



**БЕСПЛАТНА ТЕЛЕФОНСКА ЛИНИЈА**

**0800-42222**

**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

ПИВАРА СКОПЈЕ

Најдобрšто од Македонија

19 24





# Нова училишна спортска сала во ОУ Крум Тошев















По Проектот на Владата на Република Македонија за изградба на училишни спортски сали, во тек е изградба на нова училишна фискултурна сала во ОУ Крум Тошев во н.м. Трубарево.

На свеченоста на поставувањето на камен темелникот на присутните им се обратија Градоначалникот Тони Трајковски, Претседателот на Влада на Република Македонија, Никола Груевски и Министерот за образование и наука, Никола Тодоров.

Со изградбата на оваа училишна сала најсреќни ќе бидат учениците од ова училиште, каде за прв пат часовите по физичко воспитание ќе ги одржуваат во соодветни услови.

# ИЗМИНА ЕДНА ГОДИНА ПРЕПОЗНАТЛИВА ПО ОДГОВОРНОСТ, ТРАНСПАРЕНТНОСТ, ОТЧЕТНОСТ

Почитувани сограѓани,

Измина една година од моето стапувањето на функцијата Градоначалник на Општина Гази Баба.

Изборната програма која беше прифатена од Вас, почитувани граѓани е мојот патоказ по кој се движев, а така ќе продолжам да се движам и во наредниот период и можам да ветам дека и многу повеќе од планираното ќе реализирам.

Во изминатата година главна карактеристика со која постојано се соочувавме беше глобалната финансиска криза, која за жал остави трага и во реализацијата на планираните средства во општинскиот буџет. Но и во таква ситуација, покажавме дека со правилно менаџирање може да се реализираат планираните активности.

Во тој контекст, би сакал да ја потенцирам одличната соработка со членовите на Советот на Општина Гази Баба, пред се за конструктивниот пристап и навремените одлуки кои се носеа во интерес на граѓаните како и постојаната комуникација со Месните и Урбаните заедници, одличната комуникација со бизнис заедницата и невладиниот сектор.

Една од пречките кои беа за реализација на поголем број на проекти се нерешените имотно-правни работи и процесот на денационализација со кој е зафатен најголем дел од слободното државно неизградено земјиште.

И во такви услови, работевме на овозможување на услови за нови инвестиции, а резултат од тоа е и најавата на неколку инвестиции од кои очекуваме и добар прилив на финансиски средства во Буџетот на Општината, а со тоа можам да најавам и поголема реализација на планираните проекти.

Во минатата година работевме на изградба на капиталните проекти -водоснабдување и фекални канализации во неколку населени места, ангажиравме 80 сезонски работници кои работеа на уредување




**Тони ТРАЈКОВСКИ**
Градоначалник на Општина Гази Баба

на животната средина, донесовме неколку урбанистички планови, ги заменивме сите прегорени улични светилки, а на регионалниот пат Р103 се поставија нови светилки со поголема јачина, изградивме пешачки патеки, завршија градежните работи на патниот правец Инџиково - Ј. Сандански, а се отпочнаа активности на патните правци Раштак-Бутел и Брњарци-Стајковци, се отпочна со изградба на училишна спортска сала во ОУ Крум Тошев и стадион во н.м. Трубарево, направивме санација на парното греење во ОУ Његош и ОУ 25 Мај, а во ОУ Кирил и Методиј се заменија ќумбињата со нов систем на парно греење, работевме и на уредување на парковите и паркинзите во урбаните заедници, успешно беа организирани малите олимписки игри на кои присуствуваа 1300 ученици од цела држава, работевме на изградба и санација на игралиштата за мал фудбал, а за најмладите наши жители поставивме неколку детски игралишта, успешно го реализиравме културното лето, успешно ја завршивме зимската сезона, односно сите улици и во зимски услови беа проодни. На младите високообразовани кадри им дадовме можност да отпочнат со практикантска обука во Општинската администрација, ја донесовме стратегијата за рурален развој и стратегијата за управување со ризици.

Ова се само дел од проектите кои ги реализиравме во изминатата година, а со уште поголема динамика ќе продолжиме во наредниот период.

Во изминатата година работевме, а така ќе продолжиме и во наредниот период, на формирање на професионална и стручна администрација.

За поголема транспарентност и подобра комуникација со граѓаните работиме на изработка на нова web страница, а се отпочна и со функционирање бесплатната телефонска линија 0800 42222 на која граѓаните можат бесплатно да се јават да пријават некој проблем или да дадат предлози и сугестии. Средбите со граѓаните ќе продолжат бидејќи тоа ни е можност директно и непосредно да се запознаеме со одредени проблеми и заеднички да учествуваме во нивната реализација.

Одговорноста, транспарентноста и отчетноста беа препознатливи во мојата работа во изминатиот период, така ќе продолжам и во наредниот период.



## Пешачки патеки во Автокоманда

■ Во н. Автокоманда, на ул. 16-та македонска бригада уреден е просторот околу зградите со пешачки патеки од павер елементи, со вкупна површина од 400 м$^2$ и должина од 240 м.

Во тек е постапка за хортикултурно уредување на парковското зеленило околу патеките и поставување на хидрантна мрежа, урбана опрема и осветление.



## Реконструкција на локални патишта

■ Со средствата кои ги обезбеди Агенцијата за државни патишта по Програмата за реконструкција и рехабилитација на локалните патишта во Република Македонија, се асфалтираше патниот правец Јане Сандански - Инџиково, во должина од 600 м и широчина од 5 м, а се отпочна патниот правец Раштак - Бутел, во должина од 2,9 км и Брњарци - Стајковци со должина 1,8 км.



## Тампонирање на улици во руралниот дел

Општина Гази Баба спроведува Акција за подобрување на патната мрежа во руралниот дел. Досега акцијата се одвиваше во населените места Скопско Поле, Дрма, Идризово, Јурумлери, Трубарево, Виниче и Раштак, а со нивното завршување ќе се продолжи со тампонирање на улиците во населените места Страчинци и Раштак.







## Тампонирани патеки и паркинг

■ Општина Гази Баба ги тампонираше пристапните патеки кон стадионот на фудбалското игралиште на Металург во н. Автокоманда.

Исто така направен е и истампониран паркинг простор со капацитет за околу 100 возила.

На стадионот на Металург се одиграа дел од фудбалските натпревари во рамките на Европското првенство за жени до 19 години, кое се одржа во Скопје од 25 мај до 5 јуни 2010 година.




# Поставување на мобилни санитарни кабини

Општина Гази Баба активно се вклучува во спроведувањето на Законот за јавна чистота. На својата територија, во зависност од потребите, постави мобилни тоалетни кабини.

Минатата година беа поставени по две тоалетни кабини на Плоштадот во Автокоманда и во Паркот Ченто.

Оваа година се поставија по две тоалетни кабини до Спортската сала во н. Автокоманда и во н. Железара, на претпоследна автобуска постојка.

Општината и во иднина, на местата каде што има потреба, ќе продолжи со поставување на мобилните санитарни кабини.





# Пролетна дератизација

■ Општина Гази Баба, во координација со општините од градот Скопје, изврши пролетна дератизација на шахтите на своето подрачје.

Цел на дератизацијата е уништување на глодарите (глувците), а со истата се опфатени околу 2000 шахти.

Општина Гази Баба редово врши дератизација двапати во годината.

Дератизацијата се врши со препаратот Глодацит плус. Работите ги изведува Центар за јавно здравје на Град Скопје во соработка со Ј.П. Водовод и Канализација.










# Поставување бандери на патот Р 103

На регионалниот пат Р 103, на потегот од Нова Колонија до с. Идризово, се поставуваат нови бандери со натриумови светилки.

## Акција за безбедност во сообраќајот

Комуналната инспекција од Општина Гази Баба и Полициска станица Гази Баба, реализираа заедничка акција за отстранување на паркираните возила од тротоарите, зелените површини и велосипедските патеки на целата територија на Општината.

Во првата фаза на оваа акција, се оставаа известувања на непрописно паркираните возила, со цитирани делови од Законот за безбедност на сообраќајот на патишта и Законот за јавна чистота, каде е наведена забраната за паркирање и застанување на тротоарите, зелените површини и велосипедските патеки со моторни возила, од причина што на тој начин директно се загрозува безбедноста на пешаците и велосипедистите, како и животната средина.

Следната фаза ќе биде за сите оние кои не ги почитуваат наведените Закони, односно ќе се применуваат казнените одредби.



# Фудбалско игралиште во н.м. Трубарево

Во н.м. Трубарево во тек е изградба на фудбалско игралиште.

Игралиштето се изработува по Проект и финансиска поддршка од Агенцијата за млади и спор, а Општина Гази Баба ги обезбеди потребните услови и урбанистичката документација.

# Расчистување на каналската мрежа

Во организација на Владата на РМ започна акција за чистење на одводните канали во Република Македонија, која ќе трае до месец ноември.

Акцијата се спроведува и на територијата на Општина Гази Баба, каде што се



чисти каналската мрежа со соодветна механизација.

Работите ќе ги изведува Водостопанство Скопско Поле, со помош на фирми од подрачјето на Општината.

Цел на оваа акција е спречување на евентуални поплави на замјоделското земјиште и други корисни површини.






# *Пролетна акција за чистење*

Во населените места од руралната дел започна пролетната акција за расчистување.

За време на Акцијата ќе се коси тревата и ќе се кастри крупната вегетација покрај главните патишта. Во акцијата е вклучено Јавното претпријатие "Гази Баба 2007" и месното население. За одржување на хигиената ангажирани се 50 сезонски работници од Општината.



## Разубавување на урбаната опрема

Општина Гази Баба започна со акцијата за разубавување на урбаната опрема низ целата територија.

Акцијата започна во н. Хиподром пред Трговскиот Центар, со фарбање на урбаната опрема.

Во акцијата учество земаа општинската администрација, ЈКП "Гази Баба 2007" и месното население.










# Даночен шалтер за граѓаните од Гази Баба

Управата за јавни приходи, за граѓаните од Општина Гази Баба отвори даночен шалтер во просториите на Општината.

На отворањето на даночниот шалтер, присуствуваше градоначалникот на општина Гази Баба, Тони Трајковски и претставници на локалната самоуправа како и претставници од Управата за јавни приходи - управникот на Регионална Дирекција Скопје, Елена Јанева Димова и раководителот на сектор за услуги на даночни обврзници, Мухедин Авдиќ.




Целта на ставањето во функција на шалтерот, е услугите на Управата за јавни приходи - Регионална Дирекција Скопје да бидат достапни во самото место на живеење на граѓаните, односно местото на седиште на правните лица на подрачјето на општината Гази Баба.

Основна цел и стратешка определба на УЈП е преку воведувањето на нови организациони единици - даночните шалтери, да се напушти месната надлежност на даночната администрација и максимално да се децентрализираат услугите кон даночните обврзници, но и најважно да се намали времето и административните трошоци за исполнување на даночните обврски.



# Општината на вториот електронски саем за кариера




Општина Гази Баба учествуваше на годинешниот електронски саем за кариера на интернет порталот www.mojakariera.com.mk. При одбележување на првата годишнина на работата на Моја кариера, програма финансирана од УСАИД Проектот за конкурентност во Македонија, Националната програма за практикантство и вработување Моја кариера од 15 до 19 март 2010 година го организира вториот електронски саем за кариера. Саемот овозможуваше да се контактира со менаџерите за човечки ресурси од успешни компании, со образовни институции и практиканти на live-chat, да се добие повратна информација за испратеното CV, да се добие информации за универзитетите и за компаниите од нивните виртуелни штандови, како и симулација за интервју за работа.

Саемот беше свечено отворен со поздравен говор на Амбасадорот на САД во Македонија, Г-дин Филип Рикер и поздравен говор на Министерот за економија на Македонија, Г-дин Фатмир Бесими.

Општина Гази Баба имаше свои претставници на live chat на овој саем.

ЕЛЕМ
ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА

АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ
Подружница „ЕНЕРГЕТИКА" – Скопје
16-та Македонска бригада бр.18, 1000 Скопје, п. фах 734, Р. Македонија

ПОЧИТУВАНИ СОГРАЃАНИ!

АД ЕЛЕМ, ПОДРУЖНИЦА ЕНЕРГЕТИКА
СО ПОСЕБНА ЧЕСТ И ЗАДОВОЛСТВО,
ВЕ ПОКАНУВА НА "ОТВОРЕН ДЕН НА ЕНЕРГЕТИКА"
КОЈ ГО ОРГАНИЗИРАМЕ ЗА ВАС, СО ЦЕЛ
ДА СЕ ЗАПОЗНАЕТЕ СО РАБОТАТА
НА "ЕНЕРГЕТИКА" - ВАШИОТ ПРИЈАТЕЛ
ВО СТУДЕНИТЕ ДЕНОВИ. ЌЕ ИМАТЕ МОЖНОСТ
ДА ГИ ИЗЛОЖИТЕ ВАШИТЕ СТАВОВИ, ИДЕИ,
СУГЕСТИИ И ЖАЛБИ, НО И ДА ПОСТАВИТЕ
ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО НАШАТА РАБОТА.

ЗАТОА, НА ДЕН 19.06.2010 ГОДИНА ВО 10.00 ЧАСОТ, ПОВЕЛЕТЕ!

СО ПОЧИТ!
"ЕНЕРГЕТИКА", ул. 16та Македонска бригада бр.18

тел.: + 389 (0) 2 32 87 774, + 389 (0) 2 32 87 700, факс: + 389 (0) 2 32 87 776; www.elem.com.mk, e-mail: contact@elem.com.mk



# Реализиран проектот за практикантска работа



Општината Гази Баба заврши со првиот од циклусите на проектот за практикантска работа во организација со Агенцијата за посредување при вработување ИТЦ Кариера и Усаид-проектот за конкурентност. Проектот е поддржан од страна на Владата на Република Македонија - Министерство за образование, Министерство за Труд и социјална политика и Министерство за економија.

од менторот кој што беше задолжен за целокупните активности.

Практикантите пред почетокот на овој проект посетија подготвителна обука и работилница за подобрување на комуникациските вештини и деловната етика и при тоа се здобија со сертификат за посетената обука.

Целта на овој проект е обезбедување на обука за олеснување на процесот на вработување, како и младите луѓе во







Градоначалникот Тони Трајковски ги додели сертификатите за успешно извршена практикантска работа. Проектот траеше три месеци и бидејќи се покажа како успешен, Општина Гази Баба продолжува со негово спроведување.

Во склоп на Општината беа распоредени 15 практиканти во различни сектори, според профилот на стекнатото образование. Секој практикант беше надгледуван

процесот на студирањето или непосредно по завршувањето на студиите да се стекнат со практично работно искуство и работни навики. Исто така се придонесува и за подобрување на квалитетот на студентското образование и насочено усовршување.

Општина Гази Баба и во следниот период го продолжува циклусот на проекти за практикантска работа.



# Одбележан 9-ти Мај

По повод 9 - ти Мај, Денот на победата над фашизмот, на споменикот на Методија Андонов - Ченто во населба Ченто, свежо цвеќе положија: Делегација на Општина Гази Баба, Делегација на Советот на Општина Гази Баба, Делегации на Урбани и Месни заедници како и делегации на граѓани и здруженија.














# Посета на регионот Горењска

Делегација предводена од претседателот на Советот на Скопскиот плански регион, Градоначалникот Тони Трајковски во придружба на 10 градоначалници од Скопскиот плански регион, раководителот на Центарот за развој на Скопскиот плански регион, и неколку претставници од други институции, остварија официјална посета на регионот Горењска и Агенцијата за развој на Горењска регионот. Во рамките на посетата беа посетени многу институции и деловни субјекти, како и погледнати конкретните ефекти од реализираните проекти преку фондовите на ЕУ.

Во рамките на посетата беше остварена средба и со првиот човек на групацијата Сава Крањ, г. Јанез Бохорич, кој е почесен конзул на Република Македонија во Република Словенија, како и со градоначалниците на општините Блед и Радољица и заменик градоначалникот на Јесеница.

За време на престојот, се посети и една од најмодерните депонии за цврст отпад во регионот и пошироко, со заокружен технолошки систем (сортирница, компостара, балирање, селекција итн.) во Целје, Савињски регион. Во Целје се посети и пречистителна станица која ги сервисира потребите на градот.



За време на посетата, претседателот на Советот на скопскиот плански регион, Тони Трајковски, претседател на Советот на Горењска регионот, Дамијан Перне, како и директорот на Агенцијата за развој на Горењска регионот, г. Бого Филипич и раководителот на Центарот за развој на скопскиот плански регион, г-ца Анета Лозаноска, своерачно го потврдија Меморандумот за соработка меѓу двата региони и Центри за развој.



Делегација на општина Гази Баба предводена од градоначалникот Тони Трајковски, во организација на Приватното средно училиште "Јахја Кемал" од Скопје, престојуваше во службена посета на Истанбул



# Делегација на Општина Гази Баба во Истанбул

Делегацијата на општина Гази Баба оствари средба со градоначалникот на општина Ускудар во Истанбул г. Мустафа Кара, каде Градоначалникот Тони Трајковски во рамките на традиционално добрите македонско-турски односи, пријателство и соработка, ги изрази добрите намери за воспоставување на соработка меѓу двете општини, што беше срдечно прифатено. Потпишувањето на Повелбата за соработка ќе се изврши дополнително. Градоначалниците на Гази Баба и Ускудар се договорија за унапредување и продлабочување на соработката меѓу надлежните органи и јавни установи и претпријатија на општините, продлабочување на соработката меѓу бизнис заедниците од двете општини и учество на стопанственици од општините во развојни проекти, инвестициони активности и заеднички вложувања, учество на саеми и изложби, стопански манифестации, семинари, симпозиуми и конференции, унапредување на соработката во областа на туризмот, социјалната и здравствената заштита и во областа на образованието, промоција на регионалната соработка, учество во заеднички проекти во Европската Унија и НАТО, организација и учество на културни и спортски манифестации, посети на делегации, и размена на информации, координација, соработка и услуги по прашањата од заемен интерес.



Делегацијата на општина Гази Баба за време на престојот во Истанбул ги посети Основното училиште на Фондацијата Џошкун во месноста Чанлиџа, Фатих Универзитетот и болницата Семи, запознавајќи се со функционирањето на системот на образованието и здравството во Република Турција.

Со конзулатот на Македонија во Турција и економскиот промотор на Македонија во Истанбул, делегацијата на општина Гази Баба во седиштето на Конфедерацијата на бизнисмените и индустријалците на Турција ТОСКУН одржа презентација на општите услови за стопанисување во Македонија и локациските можности за инвестирање во општина Гази Баба. Најавени се инвестиции во областа на земјоделското производство, основното, средното и високото образование, здравството и градежништвото.





Градоначалникот Тони Трајковски заедно со учениците, засади декоративни дрвца во дворот на основните училишта "Стив Наумов" и "Вера Јоциќ", со што и симболочно се одбележа почетокот на пролетта.

# Засадени дрвца во училиштата

## Ден на екологија

Општина Гази Баба, како општина со високо ниво на свест за значењето на животната средина е промотор во низа мерки и кампањи кои имаат за цел да ја подигнат јавната свест за значењето на животната средина.

Денот на екологија еден од настаните кој нашата општина традицонално го користи како повод за делување на ова поле.

По тој повод општината спроведе повеќедневна активност, при што централната активност се одржа на 21 Март.

Активноста која е носител на пораката се состоеше во пишување на еколошки пораки на хартиени кеси за пакување производи од страна на децата во градинките и училиштата. Нивните изработки, беа дадени во локалните маркети: СП Маркет, Кам Маркет и Тинекс маркетите, каде во истите беа пакувани производите купени на Денот на екологијата. Со тоа се направи спој помеѓу најмладите и возрасните, со што се овозможи проток на пораката за значењето на животната средина.




Овој Проект го реализираа Општина Гази Баба во соработка во СП Маркет, Тинекс и КАМ Маркет, кои донираа кеси и прибор за сликање.

Традиционално и оваа година општина Гази Баба донира 200 декоративни садници за Денот на екологијата на сите училишта и градинки во општината.

# Активно одбележан денот на дрвото

Градоначалникот на Општина Гази Баба заедно со вработените во општинската администрација на Денот на дрвото, засадија садници на Ајватовски рид, со што ја подржаа масовната акција за садење дрвја "Засади ја својата иднина".





90.3 FM
СПОРТСКО РАДИО 90.3
90.3 fm
СПОРТСКО
радио
www.sportskoradio903.com.mk
sportskoradio@yahoo.com
02/31 21 903

# ВНИМАВАЈТЕ - КОМУНАЛНАТ

**Како комунална инспекција во Општина Гази Баба со какви проблеми најчесто се среќавате?**

Со оглед на тоа што општина Гази Баба е доста голема по површина и бројот на жители, проблемите се многубројни и секојдневни.

Сепак би ги издвоил проблемите кои ги имаме со создавањето на дивите депонии во населените места во руралниот дел на општината, иако мини диви депонии се создаваат и во урбаниот дел.

Тука би го нагласил и проблемот со фрлањето на фекалниот отпад од чистење на септичките јами, што се однесува на руралниот дел каде нема фекална канализација.

Граѓаните често фрлаат и градежен шут на јавни површини, оштетуваат урбана опрема, како што се клупи, корпи за отпадоци, фонтани и детски игралишта. Проблеми се јавуваат и од затрупување и неодржување на одводните канали во населените места.

**Што е она што најмногу ви пречи кај граѓаните и во која сфера најмногу сте ангажирани?**

Најмногу ми пречи негрижата на одреден број на граѓани за сопствената околина и животната средина во целина. Како што се грижат за сопствениот двор, куќа, стан, така треба да се грижат и за јавните површини. Нашиот ангажман се состои во решавање на проблемите на граѓаните по основ на пријави од нивна страна,за кои е надлежна инспекцијата, а кои се однесуваат на се она што го потенцирав во претходниот одговор.

**Успевате ли да се справите со проблемите и каде сеуште сметате дека треба најмниогу да се работи?**

Проблемите од комуналната сфера се секојдневни и разновидни. Постојано се решаваат, но постојано и се создаваат.

Со нашето секојдневно ангажирање успеваме да одржиме одредено ниво на комунален ред. Најмногу треба да се работи на едукација и во создавање на позитивни навики кај граѓаните. Тие треба да разберат дека ако самите се грижат за околината ќе допринесат да имаат и да живеат во поздрава и поубава животна средина. Во овој дел медиумите можат и треба да имаат доста важна улога.

**Кои се вашите законски надлежности и на кој начин можете да ги натерате граѓаните или фирмите да го почитуваат комуналниот ред во општината?**

Надлежностите на комуналната инспекција произлегуваат од шест закони.

Овластениот комунален инспектор поведува постапка по службена должност или по иницијатива на било кое правно или физичко лице. При поведување на постапката се применуваат одредбите од Законот за општа управна постапка, а тоа подразбира увид на самото место, сослушување странки и сведоци за што се составува записник за извршениот надзор. Во записникот посебно треба да се наведат фактите за сторениот прекршок и се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот.

Вака составениот записник понатаму се користи за издавање на решение и поднесување на прекршочна пријава доколку констатираните неправилности не се отстранат во определен рок.

Со измените и дополнувањето на Законот за управување со отпад, комуналните инспектори имаат можност да изрекуваат прекршочна санкција - фиксна глоба, односно мандатна казна на самото место во висина од 50 до 200 евра,ако физичкото лице:

- остава остатоци,материјали и компоненти од од искористени возила во урбани средини;
- остава,фрла и напушта пластичен отпад во природа и на патишта;
- остава,фрла и напушта кабаст отпад (апарати од домакинство,мебел и слично) во природа и на патишта;
- остава,фрла и напушта градежен шут во природа и на патишта;
- остава,фрла и напушта отпадни гуми во урбана средина во природа и на патишта;
- отстранува(гори )отпадни масла во урбани средини ;
- отстранува (гори и закопува) отпад во урбани средини и контејнери

Глоба во износ од 2000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице кое постапува со отпад,доколку остава, фрла, напушта, гори илуи неконтролирано отстранува отпад.










## ТРАЈАН ПЕТРОВСКИ
### РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНА ИНСПЕКЦИЈА

добра, но во исто време таа соработка е и потребна. Пријавите од граѓаните за одредени нарушувања на комуналниот ред ни помагаат во работата. Покрај скоро секојдневна контрола на теренот не можеме секаде на време да стасаме. Посебно би ја истакнал соработката со урбаните и месните заедници. Тие ја следат состојбата во своите средини и заеднички настојуваме да ги решаваме приоритетните проблеми. Во одредени случаи бараме помош и од полицијата. Тие во рамките на своите овластувања ни помагаат. Неминовна е и соработката со јавните претпријатија која ја имаме. Малиот број на работници ангажирани на територијата на општина Гази Баба е недоволен за одржување на хигиената на јавните површини.

**Дали имаше проблеми во општината со поплавите?**

Во последниве години општина Гази Баба многу работеше за расчистување на каналите во своето подрачје. Поради поврзаноста на каналите кои поминуваат низ повеќе општини, неопходен е координиран пристап кон расчистување на истите.

Заради тоа од Владата на РМ е формирано јавното водостопанско претпријатие "Скопско Поле", кое ќе се грижи за системско одржување на каналите.

За 2010 година водниот надомест што ќе треба да го платат граѓаните ќе го субвенционира општината, а од следната година ќе си плаќаат граѓаните кои имаат имот кој се одводнува. Во моментов се работи на чистење на каналите во Идризово.

# ТА ИНСПЕКЦИЈА Е НА ТЕРЕН

Исто така со Законот за јавна чистота кој е во сила од септември 2008 година комуналните инспектори можат да изрекуваат глоба во мандатна постапка. Покрај комуналните иснпектори со овој закон контрола на одржување на јавна чистота вршат и комунални редари. Во општината Гази Баба има двајца комунални редари.Глоба од 50 евра во денарска противвредност во мандатна постапка ќе му се изрече на физичко лице ако на јавна површина:

- фрла и остава отпадоци од градежен материјал (градежен шут);
- фрла и остава хартии отпушоци, мастики, амбалажи, земја, отпадоци од растенија, песок и други отпадоци;
- оставање на стари предмети од домаќинство и смет покрај садови за собирање смет;
- испуштање на отпадни води и други течности од дворните места и објекти;
- истурање или испуштање на течности во садови за отпад, на улици, во канали, реки;
- продажба и излагање на земјоделски и индустриски производи, освен на места одредени за таа намена;
- Поправање, сервисирање на возила и вршење на разни занаетчиски работи;
- Оставање на нерегистрирани, хаварисани возила, приколки и камп приколки;
- мешање на бетон, малтер, на други места освен на оние кои ги определила општината;
- плукање или секнење нос на јавни површини.
- вршење на физиолошки потреби, и други прекршоци наведени во законот.

Со овој закон паричната казна лицето може да ја замени со општокорисна работа, која подразбира одржување на јавна чистота на јавни површини.

За правните лица кои ќе го прекршат законот глобата изнесува од 1000 до 4000 евра.

Ова за граѓаните и фирмите е непопуларна мерка, но со тек на времето очекуваните ефекти ќе бидат постигнати.

**Каква е вашата соработка со граѓаните и со другите институции во решавањето на проблемите од комунална сфера?**

Соработката со граѓаните што ја имаме е

Посебно сакам да потенцирам дека терцијалните канали низ населените места таканаречени "сисавци" кои поминуваат покрај дворните места треба да ги исчистат самите граѓани, затоа што само на тој начин водата од нивните дворови ќе истекува до главните канали.

**На што најмногу ќе треба да работите во тековната година со цел да се подигне нивото на комуналното живеење во Општината?**

Генерално комуналната инспекција работи во спроведување на законите во нејзина надлежност. За да се намали бројот на прекршители на законот во наредниот период, комуналната инспекција и комуналните редари ќе бидат постојано на терен. Голем дел од прекршоците се случуваат во вечерните часови и за време на викендите. Заради тоа ќе бидат воведени дежурства и во овие термини.

Исто така ќе работиме на поголема контрола над јавните претпријатија надлежни за одржување на хигиената на јавните површини, како и на организирање и одржување на трибини за подигање на јавната свест кај граѓаните.



# АПРИЛИЈАДА 2010













# Проект: Со знаење избегнете ги ризиците



Во ОУ Стив Наумов и ОУ 25 Мај се одржаа предавања од циклусот проекти "Со знаење избегнете ги ризиците".

Овој проект се спроведе од страна на Полициската станица Автокоманда и Општина Гази Баба, со цел учениците од основните училишта да се запознаат како може да ги избегнат ризиците што се наоѓаат во нивното опкружување и воопшто во животот.

Градоначалникот на Општина Гази Баба, Тони Трајковски, на крајот на предавањата, за успешна реализација на проектот, им додели дипломи за учество на одделенијата.






# 55 години Детска радост




По повод 55 години од основање на ЈУДГ детска Радост, децата кои престојуваат во предучилишната установа се претставија со заеднички "хепенинг" под мотото "Во моето детско срце има љубов за .......".

Хепенингот се одржа на плоштадот во Автокоманда, каде што присутните ги поздрави Градоначалникот Тони Трајковски.

# Ликовна манифестација „Виниче 2010"



Во манстирскиот комплекс "Св. Илија" во селото Виниче по петти пат, се одржа традиционалната ликовна манифестација "Виниче 2010". На манифестацијата присуствуваа ученици од сите основни училишта од општина Гази Баба кои цртаа и изработуваа предмети од глина.

Манифестацијата беше збогатена и со културно-забавна програма на која настапија хор и ритмичка секција од ученици од ОУ Наум Охридски.

Манифестацијата ја отвори Градоначалникот на општина Гази Баба Тони Трајковски, кој по изборот на најдобрите дела ќе ги додели наградите.



# Велосипедски трки во Градинките

■ По повод одбележувањето на 22 Април - Денот на планетата Земја, во предучилишните установи на територија на Општина Гази Баба "Детска радост", во објектот "Калинка" во н. Железара и "25 Мај", во објектот "Сонце" н. Ченто, се одржаа велосипедски трки. На трките земаа учество децата кои престојуваат во објектите на предучилишните установи од најмала до најголема возраст.



# *Проекти во предучилишните установи*



■ Во рамките на предучилишните установи на територија на Општина Гази Баба "Детска радост" и "25 Мај" во соработка на Црвениот Крст на Гази Баба се реализираа проектите "Здраствена едукација и давање на прва помош на децата во градинките".

Реализацијата на овие проекти имаат за цел децата кои престојуваат во градинките да се запознаат со основите на одржувањето на хигиената, стекнување на здрави навики, стекнување на пријателство, запознавање на основните поими за прва помош и друго.

Овие проекти се наменети за децата од големите групи. Проектите кои се реализираат наидоа на интерес кај децата и тие се од големо значение за нивниот натамошен психофизички равој.

# Проект: Македонско оро

■ Во рамките на Јавната Установа за деца - Детска градинка - "Детска радост" во објектот"Калинка" во населба Железара, се одржа презентација на проектот "Македонско оро".

Проектот се одвиваше во неколку фази и тоа: посета на ансамблот "Танец"; посета на етнолошкиот музеј, работилница со изработка на македонска



носија од конец до готова носија, работилница со гостин - родител музичар на хармоника и презентација на македонските ора преку текст, песни, ора.

Ваквите Проектите се од голема важност за децата, бидејќи уште од најрана возраст ја негуваат македонската традиција и фолкорот.



# Сообраќајна култура на децата

■ Во детските градинки на територијата на Општина Гази Баба се реализира проектот "Сообраќајната култура на децата во предучилишните установи" кој има за цел:

- подигнување на свеста на децата за безбедносно однесување во сообраќајот;
- препознавање на сообраќајните знаци;
- безбедно движење по тротарите и преминување преку улица;
- стекнување основни предзнаења за сообраќајот и сл.

Проектот е во соработка со СВР Скопје, а наменет за децата од големите групи кои треба да се подготват за новата учебна година кога тие ќе бидат првачиња.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

## Г-ДИН МИЛАН АНДОНОВСКИ



# МИНАТАТА ГОДИНА СОВЕТО

**Со оглед на тоа што измина една година од Вашето работење, како ја оценувате работата на Советот?**

Во изминатата година Советот работеше динамично, веќе имаме одржано 16 седници на кои, преку конструктивна работа во соработка со сите членови на Советот, макотрпно и посветено работевме за разрешување на проблемите кои ги имаат жителите на нашата општина.

**Кои се најзначајните Одлуки кои Советот ги донесе изминатава година?**

Со оглед на динамиката на работата на Советот во изминатава година можам да кажам дека се донесени многу одлуки од кои би ги издвоил следниве: Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Петровец; Одлука за донесување на Деталните урбанистички планови за дел од Керамидница, Маџари, Триангла и Смилковци; Одлука за одобрување на финансиски средства за возобновување на опожарениот Бигорски Манастир; Одлука за организирање на практикантска работа; Одлука за финансиска поддршка на лица ангажирани во работата од јавен интерес за општината; Одлука за донесување на Деталниот урбанистички план за Спортско рекреативен центар - "Железара"; како и многу други.

**Каква е Вашата соработка со Градоначалникот Тони Трајковски?**

Соработката со Градоначалникот Тони Трајковски од самиот почеток на нашите мандати е на високо ниво. Во поглед на релација Совет-Градоначалник сите досегашни одлуки, заклучоци и програми донесени од страна на Советот се одобрени и потпишани од негова страна и објавени како Решенија во службениот гласник на Општина Гази Баба.

**Каква е соработката со членовите на Советот?**

Би сакал да истакнам дека како Претседател на Советот од самиот почеток на неговото работење исистирам соработката со членовите на Советот да биде на високо ниво. Затоа и покрај тоа што советничката група на ВМРО-ДПМНЕ со Коалиционите партнери брои мнозинство во Советот и успешно работи, кога станува збор за одлуки кои се од позначаен интерес за граѓаните на Општината има соработка и со останатите советнички групи.

**Кои од донесените Одлуки се веќе реализирани во Општината?**

Поголемиот дел од Одлуките кои ги има донесено Советот на Општина Гази Баба се реализирани во целост, а додека за останатите можам да кажам дека посветено работиме и истите се во финална фаза и се подготвува нивна реализација.

Поголемиот дел од одлуките кои ги има донесено Советот се реализирани





# ОТ РАБОТЕШЕ ДИНАМИЧНО



**Кои се според Вас приоритетите на Гази Баба?**

Како што знаете, Општината Гази Баба е составена од 2/3 Рурални населени места и со тоа пред нас стои голем предизвик за поголемо ангажирање при решавање на проблемите и потребите со кои се соочуваат сите жители на Општината, а особено овие во руралните населени места. Заради тоа, со почести средби и координација со Месните заедници се трудиме да ги изнајдеме најголемите приоритети на секоја наше населено место а се со цел нивно реализирање.

**Каква е Вашата комуникација со граѓаните?**

Откако сум избран за Претседател на Советот на Општина Гази Баба, воведов ден во неделата за средба со граѓаните и секој четврток од 14-16 часот средбите се одвиваат во мојата канцеларија.

Покрај тоа редовно се трудам и после работното време да бидам помеѓу граѓаните и во непосредни средби да ги слушнам нивните предлози, идеи но и конструктивни критики а се со цел за подобрување на работата на Советот и условите за живеење во Општината.

# Одлука за плаќање на воден надомест

Советот на Општина Гази Баба донесе Одлука за превземање на обврските за плаќање воден надомест за одводнување на индивидуалните физички лица - водокорисници (сопственици / корисници на индивидуални станбени објекти и земјоделско земјиште) на подрачјето на општината.

На подрачјето на Општина Гази Баба под системот за одводнување "Скопско Поле" се опфатени вкупно 2175 ха, од кои 1371 ха поседуваат индивидуалните физички лица - водокорисници. Надоместот по хектар изнесува 2400 денари, што значи вкупниот надомест, кој општината треба да го исплати на Водостопанство Скопско Поле - Скопје, изнесува 3.290.400,00 денари.

Превземената обврска за плаќање, се однесува само за 2010 година.

Надоместокот ќе биде искористен за редовно и навремено чистење на каналската мрежа на подрачјето на општина Гази Баба, од страна на Водостопанство Скопско Поле - Скопје, со цел спречување на евентуални поплави на замјоделското земјиште и други површини на подрачјето на општината.



Новата политика за рурален развој на ЕУ за 2007-2013 се фокусира на три клучни цели, а тоа се: подобрување-то на конкурентноста на земјоделскиот и шумарскиот сектор, подобрувањето на животната средина и селските средини преку поддршка на управувањето со земјиштето, и подобрување на квалитетот на живот во руралните средини и промовирање на диверзификација на економските активности.

Во Македонија пак, поради прописите и аграрната политика која во изминатиот период недоволно се фокусирала на земјоделскиот и руралниот развој во овој регион, погодностите и предностите во ОГБ за развој на земјоделството и руралната средина не се искористени доволно. За таа цел оваа Подстратегија за Рурален Развој на ОГБ за периодот 2010-2013 е стратешко плански документ и средство за успешно планирање и управување на развојот на земјоделството и руралните подрачја во идниот период. Истата е составен дел на веќе донесената Стратегија за локален економски развој на ОГБ.

Во таа насока на Седницата на Советот на општина Гази Баба беше усвоена Подстратегијата за рурален развој на општина Гази Баба.

Со оваа подстратегија се дефинираа три стратешки цели за руралниот развој во општина Гази Баба:

- Унапредување на руралната инфраструктура
- Диверзификација на руралниот развој
- Создавање на интегрирана рурална заедница

Главен носител и финансиер на стратегијата е ОГБ која ја препозна потребата од таков документ кој ќе биде имплементиран во наредниот период со цел да се унапреди и да се поставаат услови за подобрување на развојот на руралните средините во општината преку поддршка и имплементација на проекти и активности кои се во надлежност на ОГБ.



# Усвоена Подстратегија за рурален развој на ОГБ

Со оваа подстратегија деловните субјекти и примарните земјоделци од територијата на ОГБ кои имаат право да аплицираат во ИПАРД Платежната Агенција за финансирање на руралниот развој, за своите инвестициони иницијативи, проекти и апликации кои се во согласност со развојните стратешки цели за руралниот развој на ОГБ, може да добијат потврда и согласност од страна на одделот за Локален економски развој.

Изработката на студијата е спроведена од тим на Центарот за Економски Анализи (ЦЕА). Во нејзината подготовка беа вклучени и претставници на бизнис заедницата (Промес, Виталиа и Бонум), универзитетската заедница (Земјоделски и Шумарск Факултет - Скопје), претставници на земјоделските здруженија со седиште во ОГБ (Каварџик и Зелена Долина), како и надлешните сектори од администрацијата на ОГБ (Финансии и развој, Урбанизам и ЈКП Гази Баба 2007).

Подстратегијата се состои од неколку делови вклучувајќи детален преглед на состојбата во Општината од аспект на руралниот развој, три студии на случај кои прикажуваат три типични села во општината, акционен план за рурален развој, кратки прегледи и споредби преку дискусии на одредени прашања поврзани со руралниот развој како и предлог стратегија за мониторинг на подстратегијата.

Пристапот на ЦЕА за проектот за изработка на подстратегијата за рурален развој на ОГБ се базира на Европската иницијатива за рурален развој LEADER + и LEADER II.

По формирањето на Управниот Комитет-УК започна првичното теренско снимање на руралните места во рамките на ОГБ кога беа посетени 14 населени места и тогаш беа објаснети целите на овој проект. Првичното теренско снимање беше заеднички напор на членови на ЦЕА и Тим Лидерот Сашо Трајков. Со завршувањето на првичното теренско снимање се започна и со анкетирањето на населението во населените места (прашалниците за анкетното истражување претходно беа одобрени од Управниот Комитет). Покрај анкетното истражување на 14 населени места се изработија и 3 детални студ ии на случај на населени места што беше одобрено од УК. За изработка на студиите на случај, за анкетирањето и воопшто за целата методологија се користеа веќе познати техники.

Детален извештај од сите активности, работни материјали, записници и друго, се достапни по барање на сите заинтересирани преку ЛЕР тимот на ОГБ и Тим Лидерот на contact@gazibaba.gov.mk.

# "Пролетна бајка"



По повод денот на пролетта, за најмладите Општина Гази Баба на плоштадот Автокоманда организира театарска претстава "Пролетна Бајка". Претставата ја следеа ученици од 1 - 4 одделение од основните училишта и децата од Градинките, како и најмладите жители на Општината.

















Во организација на СОФАМ на Плоштадот во Автокоманда, се одржа завршниот концерт на детската фолклорна манифестација "Децата од Балканот". Учество земаа : Ансамбл "Јонче Христовски" од Скопје, Ансамбл "Детелина" од Р Бугарија, КУД "Карпош" од Крива Паланка, АКУД "Мирче Ацев" од Скопје и КУД "Негорци" од Негорци.



# "Децата од Балканот"





# Негување

## ГОЦЕ САЗДОВСКИ

### УМЕТНИЧКИ РАКОВОДИТЕЛ НА АНСАМБЛОТ ЗА НАРОДНИ ПЕСНИ И ИГРИ ЈОНЧЕ ХРИСТОВСКИ

**Од кога постои КУД Јонче Христовски?**

- Ансамблот "Јонче Христовски" е формиран во декември 2002 година и веќе осум години активно работи на обука на младите членови во изучувањето на народните танци од сите краеви на Македонија.

**Во кои манифестации досега се имате вклучено и каде сте настапувале досега?**

- Ансамблот "Јонче Христовски" во текот на своето постоење има учествувано на многубројни културни манифестации како во нашата република така и надвор од неа.Од многубројните манифестации би издвоиле неколку: учество на регионални смотри на град Скопје, Балкански фолклорен фестивал во Охрид којшто е еден од најпрестижните во нашата држава, учество на манифестацијата "Летен културен бран" во организација на министерството за култура на Р.Македонија со концерти во Делчево, Св.Николе, Берово, Вевчани, Негорци, Битола и општина Ѓ.Петров. Исто така ансамблот има успешна соработка со здружението "Сетинци и Попадинци", здружение на децата бегалци од егејскиот дел на Македонија. Со ова здружение имаме организирано повеќе општонародни веселби со богата културно-уметничка програма.Редовни учесници сме и на културните манифестации во организација на општина "Гази Баба" како на пример "Пифтијада" и Културното лето на општината каде што минатата година дадовме и самостоен концерт. На меѓународно поле ансамблот "Јонче Христовски" има учествувано на голем број фолклорни фестивали во многу земји ширум Европа, дел од нив се: Полска, Словачка, Унгарија, Србија, Хрватска, Словенија, Бугарија, Турција, Италија, Австрија и др. На сите овие фестивали имаме добиено многу награди и признанија.



**Која е целта на постоењето на КУД "Јоне Христовски"?**

- Ансамблот за народни песни и игри "Јонче Христовски" - Скопје е формиран со цел да ја негува македонската култура и уметност изразена преку народните игри, песни, инструменти и носии. Исто така младите членови на нашиот ансамбл покрај запознавањето со сопствената традиција, преку гостувањата и дружењето со други фолклорни групи од целиот свет имаат можност да ги запознаат и културите на другите народи.Покрај изучувањето на народните ора и песни и културната надградба на нашите членови, една од приоритетните цели е и отргнувањето на младите луѓе од улицата и од пороците кои ги носи денешното време.

**Каде ги вежбате вашите кореографии?**

- Нашиот ансамбл е фолклорна секција при Домот на култура "Димитар Влахов", населба Автокоманда, но поради тоа што домот е во многу лоша состојба, во моментов нашите кореографии ги подготвуваме во просториите на месната заедница Автокоманда.Секако дека требаат пособдветни услови за работа на ансамблот како и за чување на оригиналните костими, но се надеваме дека во иднина условите во Домот на културата "Димитар Влахов" ќе се подобрат, па пробите ќе можеме да ги одржуваме во истиот.

**Колку членови има вашето друштво и во колку возрасни категории се сместени истите?**

- Во моментов во ансамблот членуваат околу 120 членови поделени во три групи .Најмалата се дечиња на возраст од 6-10 години, втората група деца на возраст од 10 - 16 години и сениорската група каде што членуваат деца и млади од 16 - 25 годишна возраст.Исто така треба да се истакне дека во ансамблот "Јонче Христовски" функционира и 10-член оркестар и на сите јавни настапи, настапуваме со музика во живо.Во нашиот оркестар членуваат врвни музичари и најголемиот дел од нив се со музичко образование.

**Имате ли соработка со други ансамбли?**

- Ние како членови на сојузот на фолклорни ансамбли на Македонија (СОФАМ) соработуваме со речиси сите фолклорни ансамбли на ниво на нашата држава, а во Македонија опстојуваат околу шеесетина ансамбли кои ја негуваат македонската фолклорна традиција. Посебно би ја издвоил соработката со АКУД "Мирче Ацев"; КУД "Кочо Рацин"; Ансамбл "Битола" од Битола; КУД "Дримкол" од Вевчани; КУД "Негорци"; КУД "Гердан" од Охрид и др. Исто така во текот на своето постоење ансамблот "Јонче Христовски" има направено успешна соработка со повеќе од 30 фолклорни ансамбли од цела Европа.

**Кои се вашите идни планови?**

- Во 2010 година Ансамблот има предвидено богата домашна и меѓународна активност.Во месец јуни ќе земеме учество на Меѓународен фолклорен фестивал во Братислава, Р.Словачка, каде што покрај нашиот ансамбл ќе земат учество и многу други ансамбли ширум светот, потоа од 6 - 11 јули ќе учествуваме на Меѓународен Балкански фолклорен фестивал во Охрид и во септември ансамблот ќе гостува во Јасна Гора, Р.Полска. Во соработка со нашата општина оваа година организираме повеќе културни



# на традиционални вредности

манифестации се организира концерт на повеќе фолклорни групи од Балканот. Оваа манифестација е наречена "Децата на Балканот". Потоа на 11-ти јули во соработка со општина "Гази Баба"ќе организираме концерт на фолклорна група од Абицан, брег на Слонова коска. Додека од 19 - 23 август во рамките на културното лето на општина "Гази Баба" ќе поканиме фолклорни ансамбли од Полска, Словачка и Хрватска.

**Според вас, како едно КУД може да помогне во културниот развој на нашата држава?**

- Мислам дека ансамблите завземаат битен дел од културниот развој на една држава. Со секој наш настап, дали во, или надвор од границите на нашата држава публиката се запознава со нашите традиционални вредности што се и столб за постоењето на една нација. Во ората и песните што ги презентира едно КУД се содржани сите обреди и обичаи што се применувале и се применуваат во денешниот современ живот.

**Дали сте задоволни од соработката со општина "Гази Баба"?**

- Секако дека сум задоволен од соработката со нашата општина. Морам да ја истакнам одличната соработка со нашиот градоначалник г-дин Тони Трајковски кој што ги помогна сите наши активности без исклучок. Оваа година ќе добиеме финансиска поддршка за меѓународната активност на ансамблот како и целосно ќе ни бидат покриени трошоците за учество на Балканскиот фолклорен фестивал каде се надевам на успешно претставување на нашиот ансамбл и нашата општина.Покрај залагањето на нашиот градоначалник Тони Трајковски морам да го истакнам и залагањето на Емилија Кипровска, одговорна за културата во нашата општина која постојано не поддржува во сите наши активности и секако залагањето на Александар Каровски, советник во општината кој што е нашиот најголем фан, поддржувач и лобист.

**Каде може да ве најдат и како може да ве добијат заинтересираните граѓани?**

- Секој понеделник, среда и петок во месната заедница, нас. Автокоманда на ул. Лазар Поп Трајков бр.24. Пробите ни започнуваат од 20 часот или на тел.070/220-610; факс: 02 2463-390
e-mail: sazdov2002@yahoo.com

# Женско рели

Општина Гази Баба во соработка со АКК Кастрол рејсинг тим, под покровителство на град Скопје и оваа година ја организира спортската традиционална манифестација "Женско авто рели".

Во знакот на празникот на жената, жени возачи се појавија на Плоштадот во Автокоманда со своите возила, каде ги покажаа своите вештини и способности во возењето.

Настанот се одвиваше во два дела:

- Возење по градските сообраќајници и
- Вешто и брзо возење на градскиот плоштад, како и на паркингот до плоштадот на Општина Гази Баба.

Во рамките на настанот се имплементираше превентивно едукативна кампања за поголема безбедност во сообраќајот под слоганот "Размисли! Дали си безбеден возач?".

Градоначалникот Тони Трајковски ги поздрави присутните и им врачи благодарници на учесничките и на организаторите на авто релито.














# Турнир во пикадо за жени по повод 8-ми март



Комисијата за култура и спорт при Советот на Општина Гази Баба, по повод 8-ми март, во просториите на Општината, организираше турнир во пикадо за жени, на кој учество земаа Општините од Градот Скопје, Градот Скопје, Организација на жените од Гази Баба, советници и вработени во Општината домаќин.

Натпреварите се одржаа во екипна и поединечна конкуренција.

Наградите во екипно натпреварување ги освоија:

**1.** Екипа од Општина Гази Баба
**2.** Екипа од ОУ Крсте Мисирков
**3.** Екипа од Општина Гази Баба

Во пединечна конкуренција, наградите ги освоија:

**1.** Елизабета Анчевска од ОГБ
**2.** Анета Придаенкоска од ОУ Крсте М.
**3.** Сузана Димовска од ОУ Григор П.

Сите учесници добија дипломи за учество на турнирот, а за првите три места во екипно и поединечно натпреварување, беа доделени пехари.



# ОУ "Крсте Мисирков" вицешампиони во кошарка

На државното првенство во кошарка за основни училишта, кое оваа година се одржа од 15 - 17 април во Куманово, екипата на ОУ "Крсте Мисирков" го освои второто место.

На државното првенство му претходеа разигрувања по зони, од кои понатаму од скопската зона се пласираа двете првопласирани екипи.

Од скопската зона се квалификуваа ОУ "Љубен Лапе" и ОУ "Крсте Мисирков"

Екипата на ОУ Крсте Мисирков со својата игра го докажаа квалитетот освојувајќи го второто место во Република Македонија и достоинствено ги претставија своето училиште и Општина Гази Баба, која како една од најспортските општини во државата вложува многу во спортот и здравиот начин на живот на учениците.

Најистакнат поединец во екипата на ОУ "Крсте Мисирков" беше Косте Стојановски, ученик во 8 - мо одделение, со постигнати најмногу поени по натпревар.

Учениците Косте Стојановски и Илија Николовски од истото училиште се избрани да бидат дел од репрезентацијата на Македонија, каде што со уште осум нивни врсници ќе присуствуваат на летниот камп во Охрид, во организација на Федерацијата на училишен спорт на Македонија, Агенцијата за млади и спорт и Министерството за образование.





## Меѓународен карате турнир

Во организација на карате клуб "Солидарност", под покровителство на Општина Гази Баба, се одржа Меѓународниот турнир во карате, за



деца на возраст од пионери до јуниори, во машка и женска конкуренција.

Натпреварите се одвиваа во кати и борби.



Турнирот за отворен го прогласи Градоначалникот Тони Трајковски, а на турнирот учество земаа 53 клуба од пет земји, со околу 500 учесници. На турнирот, кој беше организиран на извонредно квалитетно ниво, во ревијалниот дел учество зема и спортскиот клуб "Самурај Доџо", во дисциплините Кендо и Јаидо.




Дворот на Општина Гази Баба

## Сервисни информации:

| | |
|---|---|
| Поликлиника - Ченто | 2 522 352 |
| Здравствена станица - Железара | 3 287 692; 3 278 758 |
| Здравствена станица - Автокоманда | 3 173 563 |
| Здравствена станица - с.Црешево | 2 575 358 |
| Здравствена станица - с.Булачани | 2 575 956 |
| Здравствена станица - Колонија Идризово | 2 546 463 |
| Гинекологија и акушерство РЕМЕДИКА | 2 603 100 |
| Домашна посета и патронажа - Гази Баба | 2 622 331 |
| Ветеринарна болница | 3 120 394 |
| Полициска станица - Гази Баба | 3 223 490 |
| Пожарна | 193 |
| Регионален центар за управување со кризи-Гази Баба | 3 240 000 |
| **Пријава на ПТТ дефекти** - Ченто | 9777 |
| приградски | 9779 |
| Детско СОС село | 2 520 424 |
| Хотел Континентал | 3 116 599 |

## Контакти со Општина Гази Баба

**Адреса:**
Бул. "Александар Македонски" 66, Скопје

**Телефони:**

| | |
|---|---|
| Градоначалник | 02/ 3 22 66 55 |
| Претседател на Совет | 02/ 3 21 22 76 |
| Сектор за правни и општи работи | 02/ 3 22 59 32 |
| Сектор за финансии и буџет, локален економски развој, јавни набавки и развој на информациски систем | 02/ 3 22 56 55 |
| Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште | 02/ 3 23 95 34 |
| Сектор за инспекциски работи - инспекторат | 02/ 3 22 28 76 |
| **Факс** | 02/ 3 23 89 66 и 02/ 3 21 51 12 |
| **e-mail** | **contact@gazibaba.gov.mk; kabinet@gazibaba.gov.mk** |
| **Интернет адреса** | **www.gazibaba.gov.mk** |
| **Бесплатна телефонска линија на Општина Гази Баба** | **0800-42-222** |

## ЦЕНОВНИК ЗА РЕКЛАМЕН ПРОСТОР

| | |
|---|---|
| Цела страница | 200 евра |
| Половина страница | 125 евра |
| Третина страница | 90 евра |
| Четвртина страница | 70 евра |
| Осмина страница | 40 евра |
| Лого на насловна страница | 500 евра |
| Последна страница | 400 евра |
| Еден см² | 1 евра |
| Инсертирање флаер | 1.000 евра |

(Цените се без вклучен ДДВ)

Весникот ОГБ се печати на 32 колорни страници со формат А4. Излегува еднаш на три месеци во тираж од 25.000 примероци. Рекламите се доставуваат во TIFF формат и резолуција од 300 dpi. За изнајмување рекламен простор однапред за неколку броеви следува попуст. (За 6 месеци 15% и за 12 месеци 20%)

Општина Гази Баба

Главен и одговорен уредник:
Емилија Кипровска

Компјутерска обработка и дизајн:
Дејан Стојанов

Печати:
Европа 92

Тел:
02/3 22 28 76;
3 22 66 55; 3 23 89 66;